**20141454532**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со членовите 24-ѓ и 24-е од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12 и 164/13), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ НА ОДГОВОРИТЕ НА ПРАШАЊАТА ОД СТРУЧНИТЕ ИСПИТИ ЗА ФИЗИЧКО И ТЕХНИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодување на одговорите на прашањата од стручните испити за физичко и за техничко обезбедување.

Член 2

Точниот одговор на прашањата се бодува со еден поен, а сличниот одговор и неточниот одговор се бодуваат со нула поени. Кандидатот го положил предметот ако освоил минимум седум позитивни поени од вкупно десет поени за еден предмет. Вкупниот број на поени за еден предмет е десет.

Вкупниот број на поени за теоретскиот дел од испитот за физичко обезбедување за сите предмети е 70.

Вкупниот број на поени за теоретскиот дел од испитот за техничко обезбедување за сите предмети е 50.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 5 декември 2014 година.

Бр. 12.1-68278/1
29 септември 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.